совет за етика во
медиумите на македонија

21.01.2016

## ОДЛУКА

На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Саша Богдановиќ за текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните", објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 07 минути, на интернет порталот Vistina.mk

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Не се прекршени одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 04.12.2015 година, лицето Саша Богдановиќ поднесе жалба за текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните“, објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 07 минути, на интернет порталот Vistina.mk.

Во жалбата се наведува дека во контекст на објавениот текст изложена е и фотографија од месечната пресметка за наводната плата што ја примил Богдановиќ како месечен надоместок за функцијата што ја извршува – директор на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар. Притоа се вели дека изготвувачот на објавениот текст објавил и фотографија од наводна месечна пресметка за плата, со која јавно се објавени лични податоци под посебна заштита, а која не содржи ниту едно обележје кое упатува на тоа дека станува збор за оофицијален документ. Притоа, во жалбата е нагласено дека жалителот не бил консултиран за конкретните наводи, ниту пак е побарана информација од ЈП Паркинзи за неговите месечни примања. Освен тоа, вели жалителот, во објавениот текст се констатираат несоодветни термини коишто се очигледно тенденциозни, малициозни, клеветнички, но и дискриминаторски поради неговата припадност кон одредена политичка партија, а самиот наслов на текстот создава привид на сензационалистичка содржина, којашто во целост е спротивна на реалните околности.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Вистина, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е НЕОСНОВАНА.

***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 22.12.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Саша Богдановиќ и направи увид во наведениот текст.

Комисијата констатираше дека јавен интерес постои поради што и се објавени лични податоци, но притоа заклучи дека е неопходно да се работи на професионален и етички начин при остварувањето на јавниот интерес.

***

Комисијата за жалби најде дека текстот „ВМРО-ДПМНЕ Центар: Расипништвото на СДСМ и Жерновски ги проби и најцрните очекувања на граѓаните“, објавен на ден 22.11.2015 година во 15 часот и 07 минути, на интернет порталот Vistina.mk, е без никаква новинарска интервенција и станува збор за интегрален текст од прес.

***

Сепак, Комисијата за жалби препорачува, во иднина, во согласност со правилата на професионалното новинарство, медиумот по објавување на соопштение за јавноста да ја консултира и "втората страна", со што би се пренел и нејзиниот став.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Сефер Тахири.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595